**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
**Бр.04-14/2 од 03.01.2025 година**
**Чучер – Сандево**

Врз основа на член 45 став (1) и став (2) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија” бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија'' бр.275/19,14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат за вработување**

1.По објавениот Јавен оглас број 284/2024 објавен на 26.11.2024 година, за вработување на административен службеник за работното место УПР0101В04000 **Помлад соработник за урбанистичко планирање,** во Одделението за урбанизам, Сектор за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој во Општина Чучер-Сандево, **СЕ ИЗБИРА** кандидатот Анастасија Стајковиќ од с.Побожје (1) извршител со идентификациски код 7E80DD4 и со вкупен број на освоени бодови во сите фази на селекција 65.21.

2.Одлуката за избор ќе се достави до избраниот кандидат и ќе се објави на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата.

**О б р а з л о ж е н и е**

По Барање на Општина Чучер-Сандево за објавување на јавен оглас за вработување на Помлад соработник за урбанистичко планирање, во Одделението за урбанизам, Сектор за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој во Општина Чучер-Сандево (1) извршител, Агенцијата за администрација објави јавен оглас број 284/2024 за вработување на државен службеник од група I подгрупа I во Општина Чучер-Сандево за следното работно место УПР0101В04000 Помлад соработник за урбанистичко планирање, во Одделението за урбанизам, Сектор за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој во Општина Чучер-Сандево.

Директорот на Агенцијата за администрација со Решение за формирање на Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас заведено под број 04-1829/8 од 28.11.2024 година, формираше Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас број 284/2024 за Општина Чучер-Сандево.

На ден 12.12.2024 година, во 13:00 часот, во просториите на Агенцијата за администрација беше спроведена фаза 1- административна селекција за вработување, за што беше составен Записник од извршената административна селекција за административен службеник број 04-1829/9 од 12.12.2024 година.

На ден 25.12.2024 година, во 09:00 часот, во просториите на Агенцијата за администрација беше спроведена фаза 2- испит за административен службеник, за што беше составен Записник од спроведениот испит за административен службеник број 04-1829/10 од 25.12.2024 година.

На ден 30.12.2024 година, во просториите на Агенцијата за администрација беше спроведена фаза 3- проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник, за што беше составен Записник од спроведена постапка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник број 04-1829/11 од 30.12.2024 година.

На ден 02.01.2025 година во Општина Чучер-Сандево беше доставена Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција за вработување и Предлог за вработување на кандидатите со најголем број освоени бодови за работно место број 1 по Јавен оглас број 284/2024, број 04-14/1 од 02.01.2025 година.

Врз основа на конечната ранг листа на кандидати од сите фази на селекција за вработување и врз основа на предлогот за вработување на кандидатите со најголем број на освоени бодови за работното место Помлад соработник за урбанистичко планирање, во Одделението за урбанизам, Сектор за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој во Општина Чучер-Сандево, Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево по сите основи, а согласно член 45 од Законот за административните службеници одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата.

Доставено до:
-Избраниот кандидат
-Агенција за администрација
-Архива

ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО
ГРАДОНАЧАЛНИК
Сашко Комненовиќ

Изработил:Мартина Пирковиќ
Контролирал: Марија Мисердовска